КОНЕКТ

# Годишен извештај
# за 2019 година

Скопје, март 2020

## Прочитајте

I. За Конект....................................................................................................................3

II. Конект во 2019г. низ бројки .....................................................................................5

III. Филантропија .............................................................................................................7

IV. Унапредување на општествената одговорност ......................................................10

V. Поддршка за граѓанските организации ...................................................................20

VI. Глобален договор на Обединетите нации ..............................................................24

Известување за вклученост..............................................................................................25

# I. За Конект

Веруваме дека Северна Македонија има потенцијал да се развива потпирајќи се на локални ресурси и капацитети. Се стремиме да изградиме општество во кое граѓаните и претпријатијата активно ќе се вклучуваат преку донации, волонтирање и сопствена одговорност и ќе придонесат за рамномерен одржлив развој на заедниците. Докажуваме дека граѓанските организации се природен партнер на граѓаните и претпријатијата во остварувањето на оваа визија. Така, се стремиме да развиваме одржливи партнерства помеѓу граѓанскиот, приватниот и јавниот сектор.

Од 2008-та, Конект го поттикнува и промовира приватното донирање и општествената одговорност насочени кон ефективен и долгорочен развој на Северна Македонија. Покажуваме дека филантропијата и општествената одговорност не се само редистрибуција на ресурсите, туку се моќна алатка за развој што носи придобивки за граѓанските организации, бизнисот, животната средина и за заедниците.

Општествената одговорност на претпријатијата (ООП) е неминовен начин на водење бизнис што обезбедува одржлив развој како на бизнисот, така и на општеството. Имено, кога ООП се интегрира во бизнис стратегијата, му овозможува на претпријатието зголемена продуктивност, иновативност и долгорочен одржлив развој.

Работиме со и за:

- Бизнисите (компании и мали и средни претпријатија);
- Индивидуалци и семејства што донираат;
- Непрофитни субјекти: граѓански организации и социјални претпријатија;
- Јавните институции.

Главни полиња за работа:

- Општествена одговорност на претпријатија (ООП);
- Филантропија;
- Социјална економија;
- Волонтерство;
- Одржлив развој.

Имаме експертиза за (избор):

- Стратешко обмислување на општествената одговорност на претпријатија;
- Стратешка индивидуална и корпоративна филантропија;
- Истражување во полињата на работа;
- Развој и анализа на јавни политики;
- Социјално претприемаштво и градење капацитети во овој домен;
- Градење капацитети и техничка помош за институции, претпријатија и граѓански организации (ГО);
- Овозможување и олеснување на меѓу-секторни партнерства.

## Како ја оствaруваме мисијата?

- Ги поттикнуваме поединците и семејствата да донираат мудро и обмислено;
- Ги поддржуваме деловните субјекти, без оглед на големината, да донираат и вложуваат во заедницата стратешки и со долгорочно влијание;
- Ги поттикнуваме луѓето насекаде низ нашата земја да ги осмислат своите донации, бидејќи и малите донации кога се здружени можат да променат многу;
- Ја подигнуваме свеста за потенцијалот на филантропијата и општествената одговорност да постигне вистинско влијание во општеството.
- Ја промовираме и поттикнуваме општествената одговорност на претпријатијата.

## Што правиме?

- Директни консултации и услуги на претпријатијата, поединците и нивните семејства;
- Застапуваме за законска рамка и опкружување кое ќе ја поттикнува филантропијата и општествената одговорност на претпријатијата;
- Изготвуваме анализи, истражувања и извештаи;
- Споделуваме добри практики и споредбени искуства;
- Им даваме поддршка на непрофитните субјекти (здруженија на граѓани, фондации, јавни институции, итн.) за тоа како да бидат доверливи приматели на донации;
- Го поддржуваме градењето на суштински и продуктивни меѓу-секторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции и заедниците.

## Во периодот на известување Конект е:

- Организација-домаќин на Мрежата на Глобалниот договор на ОН во Северна Македонија[1] ;
- Член на Националното координативно тело за ООП на РМ;
- Контакт центар на Регионалната мрежа за ООП на мали бизниси во Централна, Јужна и Источна Европа формирана од UNIDO[2];
- Членка на Американската стопанска комора во Северна Македонија (AmCham);
- Основач на мрежата за финансиска одржливост на граѓански организации која брои 107 ГО;
- Членка на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата;
- Имплементатор на MAMFORCE стандардот за Северна Македонија;
- Членка на „The Funding Network“.

## Активностите во периодот беа поддржани од:

- Европската Унија (проект: „Промени за одржливост“, проект: „Градење меѓу-секторски партнерства за одржлив развој“; проект: „Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права“; проект: „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и во приватниот бизнис – сектор“.);
- ГИЗ - Поддршка на националните напори во спроведувањето на проценка на ризик од финансирање на тероризам кај непрофитните организации (НГО) во согласност со препораката 8 од ФАТФ;
- Европски центар за непрофитно право;
- Human Security Collective;
- Корпоративни донатори.

---

[1] United Nations Global Compact - Гобален договор на Обединетите нации
[2] United Nations Industrial Development Organization

## II. Конект во 2019г. низ бројки

Оваа година работевме со **70 индивидуални донатори** усмерувајќи ја нивната **поддршка за граѓански организации** (ГО) во вредност од **385.715 ден**. Продолживме да координираме со програмата за корпоративно волонтирање што вклучи **121** вработени во **10** волонтерски активности во **9** општини. Предложивме **12** паметни идеи за донирање во ГО.

Вклучивме над **310** граѓански организации во активности, а Мрежата за финансиска одржливост на ГО брои **107** членки. Успешно завршија **16** грантови за ГО со кои тие помогнаа на **3.979 граѓани** и прибраа дополнителна поддршка за нив во вредност од над **127.675 EUR.**

Над **50** претставници на институциите работеа со нас на активен дијалог за подобрени политики и закони. Низ своите активности поддржавме повеќе од **110** компании за да ја унапредат општествената одговорност.

Нашите настани бележат **над 1400 присуства**....

Со нашите активности за односи со јавност и комуникации имавме околу **200** медиумски објави и **2** билборда, доделивме **2** вида на награди. Преку социјалните медиуми допревме до над **60.000** граѓанки и граѓани. Публикувавме анализи, прирачници, интернет портали, дигитални алатки и промотивни материјали. Се стремиме кон повеќе ...




Активностите опишани во овој извештај се финансирани од следните донатори и проекти:

| | |
|---|---|
| Европски центар за непрофитно право | 1.019.671,00 |
| ЕВН волонтира, ЕВН | 492.589,00 |
| Проект за вработување на лица со попреченост-Одржлив модел ЕУ | 126.200,00 |

| | |
|---|---|
| GIZ - Германско друштво за интернационална соработка | 2.609.116,00 |
| Интегритет и анти-корупција во бизнис секторот, Европска комисија | 2.600.911,00 |
| Human Security Collective | 262.792,00 |
| Приходи од членарини | 277.475,00 |
| Донации од физички лица (вклучително за донаторско матине) | 14.040,00 |
| Донации од компании за донаторско матине | 3.000,00 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 44.372,00 |
| Приходи од сопствена дејност | 362.055,00 |
| Пренесен вишок од минатата година | 17.753.356,00 |
| **Вкупно** | **25.565.577** |




Вкупните приходи во 2019 година изнесуваа 25.565.577,00 денари, а расходите 16.280.937,00 денари. Разликата во најголем дел се јавува поради проектни средства префрлени кон крајот на годината чии активности ќе се реализираат во 2020 година. Во организацијата беа вработени пет лица на пет работни позиции со полно работно време. Месечната бруто плата на извршната директорка изнесува 111.726 денари. Таа не прима додатоци на платата од Конект по кој било друг основ. Односот помеѓу најниската и највисоката плата во организацијата изнесува 1:2,69, додека помеѓу просечната и највисоката плата 1:1,89.

Погледнете го деталниот финансиски извештај на Конект за 2019 на следниов << линк >>

# III. Филантропија

Конект ја поттикнува стратешката, индивидуалната и корпоративната филантропија насочена кон решавање на проблемите и нивните причини, наместо за ублажување на последиците. Во оваа насока, посочуваме дека граѓанските организации се природниот партнер на граѓаните и бизнис заедницата преку коишто тие можат да извршат промена во заедниците во кои живеат и делуваат. Затоа, работиме за креирање услови за одржлив развој на граѓанските организации и градење на нивните капацитети за поврзување со локалните донатори и поддржувачи.

Градиме односи со корпоративните донатори, но и со индивидуалните, за да покажеме дека и малите донации кога ќе се здружат можат да направат промена.

## 3.1 Донаторскиот кружок направи промени - „Придружи се. Испланирај. Донирај.“

Во 2018-тата го одржавме првиот донаторски кружок. На овој специјален настан беа собрани по 100 илјади денари за ХОПС, „Отворете ги прозорците“ и „Вилсон Македонија“. 68 граѓани донираа 300 илјади денари. Преку следење на реализацијата на донациите во 2019-тата продолживме да работиме со донаторите и ги известивме за тоа како средствата што индивидуално ги издвоија, здружени со други направија промени.



„Отворете ги прозорците“ им обезбедува на децата со попреченост еднаква можност за пристап до образование преку употребата на асистивната технологија. Донаторскиот кружок помогна 30 корисници со попреченост да ги подобрат своите вештини преку користење компјутери прилагодени за нив со асистивна технологија. Тие сега активно можат да се вклучат во образовните и општествени текови. За секој корисник се примени индивидуален пристап. На пример, Кристијан сега во средното училиште одговара на часовите по математика со помош на презентации кои тој самиот ги изработува на компјутер. Донираните средства послужија и за одржување и набавка на дополнителна опрема во Центарот.



Вилсон Караванот – ги едуцираше матичните лекари и студентите по медицина за препознавање на симптомите на ретката болест Вилсон. Донаторскиот кружок им овозможи на 60 матични лекари

од различни градови и најмалку 50 студенти по медицина да се стекнат со потребните знаења за навремено да ја дијагностицираат болеста Вилсон, со што што ќе се спасат животи и спречат многу несакани последици. *„Бев пријатно изненадена од масовното присуство на моите колеги како и други гости. Стручното предавање беше одлично презентирано и не потсети на сите симптоми на Вилсоновата болест како и дијагностиката“* -Д-р Ана Палева Стојаноска, спец. Интернист, матичен лекар во ПЗУ Др Ана Палева, Скопје.



Поддржани од донаторскиот кружок, ХОПС овозможија на корисниците на нивниот Дневен центар за дечиња на корисници на дроги да имаат еднаков пристап до дополнителни часови за развој на нивните таленти, можност недостапна за нивните семејства. 23 деца (на возраст од 6 до 15 години) ги добија потребните училишни материјали и ранци. Девет дечиња, корисници на Центарот учат да работат со компјутер, користат нови јазици, тренираат фудбал или кошарка, посетуваат играорна група, часови за цртање и преку овие активности се развиваат во здрави личности. Двајца се закитија и со златен и сребрен медал со своите клубови.

Со успешната примена на методологијата на донаторски кружоци, Конект формално стана членка на „[The Funding Network](#)“ – меѓународна мрежа на организации што го применуваат моделот на донирање на специјални настани (live crowdfunding).

Сакате да се придружите на донаторскиот кружок? Пишете ни на konekt@konekt.org.mk

## 3.2 Советници на филантропите




Конект е секогаш е на страната на донаторите (индивидуални и корпоративни) и ги поврзува со граѓански организации од доверба. Во 2019-та ја поддржавме Антонија Локвенец (@antonijalokvenec) која го искористи своето влијание на Instagram за да организира донаторски матинеа. Со поддршка на Конект таа одржа три настани на кои се собираа средства за Арно, Љубезност и Здружението за заштита на правата на детето. Услугите на Конект за индивидуални донатори ги користеше и уште еден корисник кој го поддржа Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари.

Преку овие наши услуги за советување на индивидуалните донатори во 2019-та се донираа 85.715 ден. за граѓански организации.

## 3.3 Донаторски календар

По деветти пат во 2019-та во соработка со „Портрет“ го подаривме донаторскиот календар за сите оние што сакаат да направат нешто добро во текот на годината и да научат како паметно да донираат. Редовно го користиме како потсетник со идеи што покажуваат дека и со малку може да се направи промена ако донацијата оди во прави раце. Низ годината споделувавме идеи на социјалните мрежи и го промовиравме донирањето во граѓанските организации што се природен партнер во градењето поубави заедници. Дизајнот на изданието за 2019-та година го изработи и донираше Андреј Павлов. Во 2019-та за прв пат донаторскиот календар доби свое џебно универзално печатено издание.






*„Многу сум благодарен на Конект за оваа шанса за креативно изразување и соработка преку која имав шанса да креирам 12 еднолиниски идентитети. Секој месец даде лик на граѓанските организации со кои ја делам виијата за која тие неуморно и секојдневно се залагаат. Дадовме визуелен печат за донирање во нивните области. Сметам дека креативноста и донирањето се два процеси коишто треба и можат да коегзистират и взаемно да помагаат. Како слободен уметник и креативец, заедно со Конект најдовме еден уникатен начин да се раскажат приказни каде секој може да се пронајде и придонесе преку донирање. Среќен сум што успеавме да го поттикнеме доброто кај луѓето и се надевам оваа приказна ќе продолжи да расте и понатаму.“* – Андреј Павлов

# IV. Унапредување на општествената одговорност

Континуирано работиме на едукација на претпријатијата и соработка со нив со цел да поттикнеме ефикасно и долгорочно општествено влијание на претпријатијата и нивно активно вклучување во заедницата. Преку специјализирани решенија или постоечки добри практики им помагаме на фирмите да ги идентификуваат конкретните цели, стратегии и програми за успешна филантропија и ООП.

## 4.1 Бизнисот и човековите права




**Почитувањето на човековите права е одговорност на секој сопственик/-чка и раководител/-ка на компанија**. Денес речиси сите компании вработуваат работници, имаат добавувачи и деловни партнери од странство вклучително и од земји познати по ниско ниво на почитување на човековите права, нудат бројни производи и услуги коишто покрај позитивните придобивки можат да бидат и злоупотребени за нарушување на човековите права. Конект и оваа година работеше на поттикнувањето на примената на Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права.

Во рамките на проектот „Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права“, финансиран од Европската Унија и во партнерство со Бизнис конфедерација на Македонија, во 2019-та спроведовме низа активности кои им помогнаа на бизнисите да ја разберат својата улога во заштитата на човековите права и да се стекнат со знаења и алатки за тоа како во своите компании да применат механизми што ќе ги намалат ризиците за прекршување.




Го објавивме првото истражување од оваа тема кое ни укажа дека мнозинството компании имаат некаква изјава за етичките принципи на компанијата којашто ја вклучува грижата за вработените, за клиентите, за животната средина и сл. Но, во пракса мал број компании применуваат суштински приод кон заштитата на човековите права. Само 28,8% од вклучените компании прават проценка на ризиците поврзани со човековите права, а 13,6% потоа преземаат некаков обмислен пристап во оваа насока.

„Конференцијата за бизнис и човекови права“ покажа дека потребни се континуирани напори за зајкнување на свеста и капацитетите за имплементација на Водечките принципи за бизнис и човекови права кај сите релевантни чинители (државните органи, бизнисите, организациите на работодавачи и работници, граѓанските организации и граѓаните) во насока на создавање на клима на транспарентност, отчетност и одговорност. Настанот ги обедини различните чинители со важна улога од земјата и регионот.



На Денот на одговорни бизниси кој симболично го одржавме во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите доделивме признание за посветеност на унапредувањето на човековите права во бизнисот на компаниите коишто применуваат добри практики и тоа им е главна одредница во работењето. „Алкалоид“, „ЕВН“, „Интер Партес“, „Novomatic group of companies МК“, „Прилепска Пиварница“, „Фармахем“ и „Цементарница УСЈЕ“ добија признание. Очекуваме воспоставените критериуми да им укажат на компаниите како поефективно да ги насочат своите политики и практики за да се усогласат со Водечките принципи за бизнисот и човековите права на ОН и со Целите за одржлив развој. Креиравме пакет за поддршка на компаниите (прирачник и интерактивна алатка) којшто ќе им помогне да ги идентификуваат клучните ризици во нивната компанија во однос на човековите права и да вградат политики и мерки што ќе осигураат дека ризиците нема да се реализираат. Ја поттикнавме и меѓународната размена на искуства, па така освен обуките спроведени од врвни странски експерти, во 2019-та организиравме студиска посета во Берлин, Германија каде со 13 претставници на наши институции, бизниси и медиуми имавме прилика да научиме од лидерите во Европа кога станува збор за оваа тема.






Клучни постигнувања:

- 164 компании обезбедија податоци за првото истражување за бизнис и човекови права;
- Над 40 компании стекнаа стручни знаења, а 10 беа директно поддржани во нивните практики;
- Креирани ресурсни материјали на македонски и албански јазик;
- 165 претставници на засегнати страни учествуваа во директен дијалог;
- Креирани препораки за подобрување на политики од меѓу-секторска група;
- Разменети практики преку студиска посета во Берлин, Германија;
- Кревање на јавна свест: 10 медиумски интервјуа, учества на дебати и сл; 5 објави на истражувачко новинарство, 35 објави во медиуми; 2 билборди; 13 промотивни банери; допревме до 15.520 корисници на Facebook (@Konekt + @Konekt za biznisite) и 7.746 на Instagram.

## 4.2 MAMFORCE Standard

Родовата еднаквост и грижата за вработените се важен дел од заштитата на човековите права во бизнисот. MAMFORCE стандардот е начин на којшто организациите можат да ги унапредат овие свои практики.

MAMFORCE стандардот им се доделува на компаниите што успешно ја организираат работата и работната средина почитувајќи ги принципите на балансиран професионален и приватен живот, семејна одговорност, родова еднаквост и еднакви можности за професионален развој и напредување. Во 2019-та стандардот го применија уште 5 компании и тоа: „Коузон“, „Фармахем“, „Реплек“, „Овејшн“ од Скопје и „Лион“ од Свети Николе.




Тие поминаа низ низа проверки и анализа на податоците на внатрешното работење. Со добивањето на овој стандард се обврзаа на воведување на дополнителни мерки за подобрување на балансот помеѓу приватниот и професионалниот живот на своите вработени и за еднакви можности за усовршување, напредување и развој на кариерата, по што би оствариле право за стекнување на напреден MAMFORCE Standard.

Имплементацијата на MAMFORCE стандардот за 5-те компании се овозможи преку проектот „Поттикнување на принципите за бизнис и човекови права“ финансиран од Европската Унија.

## 4.3 Градење меѓу-секторски партнерства за одржлив развој




Целите за одржлив развој претставуваат поттик кон градење партнерства и заеднички активности на граѓанските организации (ГО), бизнис секторот и институциите. Нивната сплотеност во работењето е со цел постигнување промени кои позитивно ќе влијаат на развојот и заедниците. Конект го овозможи дијалогот меѓу чинителите од јавниот и приватниот сектор, како и активно учество на граѓанското општество во остварување на одржлив развој во земјата како дел од процесот на интеграција во ЕУ.



Бизнисите, граѓанските оганизации и експертите генерираа идеи за заеднички иницијативи за одржлив развој. По анализата и мапирањето на кои цели се значајни се креираше план на акции со којшто заеднички може да се придонесе. Создавањето на соработка меѓу различни сектори е клучно и е значаен сегмент на нашата работа. Создадовме низа алатки преку кои ги вклучивме сите важни чинители, го поттикнавме и дијалогот на највисоко политичко ниво. Се дефинираа клучни препораки за политиките за Целите за одржлив развој да станат препознаена платформа за соработка и развој и на овој начин придонесовме за воспоставувањето на национална доброволна проценка. Добрите искуства ги разменивме преку студиска посета во Бугарија и со меѓународната конференција „Глобални цели за локална одржливост" искуства се разменија меѓу најдобрите локални примени и инспиративните говорници Обединетото кралство, Србија и Бугарија.



Сите публикации и ресурси се достапни на www.konekt.org.mk/sdgs/.

Ги одликувавме предводниците на Целите за одржлив развој од земјава. Оние кои се инспиративни примери на бизниси и поединци кои во секојдневното работење докажуваат дека бизнисот може да биде двигател на одржливиот развој. Наградите се организираа во партнерство со Македонската мрежа на Глобалниот договор и се доделија на гала церемонија во Филхармонијата на Северна Македонија. Наградите им беа врачени на:

1. **Компаниите**: Пивара АД Скопје, Фармахем, Цементарница УСЈЕ АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Адора инжинеринг ДООЕЛ и Макпрогрес доо;

2. **Поединците:** Наталија Бургиева од Мама Органа, Мартина Блинкова Дончевска од ИЕГЕ и Соња Бојаровска од Тинекс; и

3. **Млади бизнис лидери** (до 35 год.): Сара Кочан од Данцерс Унитед Мк ДОО Скопје и Ирина Тошева од Ателје Ирина Тошева.

**Специјално признание** им беше доделено на **Мастер Протекшн-Подржница Доун фор ју** за вработување на лица со попреченост во услужна дејност.



Клучни постигнувања:

- Спроведена анализа на на статусот на целите за одржлив развој и нивната поврзаност со процесот на интеграција на земјата во ЕУ
- Развиени препораки за политики
- Алатка за креирање заеднички акции меѓу различни сектори
- Споделени добри практики со регионот и ЕУ
- Мапирани приоритетни цели каде бизнисите во соработка со други чинители (граѓански организации, институции и др. ) можат да имаат најмногу влијание
- Вклучени 176 организации – ГО, бизниси, јавен сектор и академија.
- Креирани планови, матрици и други оперативни документи
- Наградени и препознаени предводниците на Целите за одржлив рзвој
- 300 претставници на засегнатите страни вклучени во настани и дијалог
- Допревме до над 50.000 граѓани преку медиумска кампања и социјални медиуми.

Овие активности во 2019-та ги спроведовме преку проектот „Градење меѓу-секторски партнерства за одржлив развој“, финансиран од Европската Унија а во партнерство со Агора и Мрежата на Глобалниот договор во Бугарија.






## 4.4 Интегритет и заштита на бизнисот од корупција

Го искоренуваме ставот дека корупцијата стана неодминлив и прифатлив трошок за водење бизнис. Создаваме заедница на компании и професионалци коишто покажуваат дека бизнисот треба да се развива без корупција. Посветено и заеднички создаваме решенија со коишто им помагаме на нашите бизниси да станат отпорни на ризиците и да ја отстрануваат корупцијата.




За прв пат кај нас бизнисите имаат единствена можност да посетуваат специјализирана обука која ќе им помогне да ја препознаат и да се справат со корупцијата. Создадовме посветен тим на 10 обучувачи кои се врвни професионалци од областа на усогласеност со прописи од компании кај нас. Тие се сертифицираа преку обука за обучувачи спроведена со врвна експертиза од Германија (HUMBOLDT-VIADRINA Governance Platform). Во 2019-та обучувачите своето знаење го пренесоа на други 65 претставници од бизнис секторот. Тие сега полесно ја препознаваат корупцијата и знаат кои чекори треба да ги применат во своите компании за да создадат систем на интегритет кој ќе им го заштити бизнисот. Преку приручници, ресурси и интерактивни алатки на www.bezkorupcija.mk дополнително им помагаме да го применат стекнатото знаење, да ги проценат ризиците, да ги разменат поуките од искуствата што ги имале и да направат промена во своите компании.



Погоден за мали и средни претпријатија, прирачникот за компании што го издадовме во 2019-та на едноставен начин ги води компаниите низ чекорите за воспоставување систем за спречување на корупцијата. Прирачникот е достапен на македонски и албански јазик на овој [<<линк>>.]




Како клучен елемент за воспоставување на систематски пристап кон јавен дијалог за прашања поврзани со интегритетот и антикорупцијата во приватниот сектор, беше формирана Советодавна група. Во неа се вклучени над 20 членови од најрелевантните институции, бизнис комори и организации, граѓански организации итн. Ова меѓусекторско тело дискутира за подобрување на политиките за заштита од корупцијата. Активно ги пренесовме пораките од и до бизнисите на првата конференција „Интегритет и антикорупција во бизнис секторот“. 67 претставници на челни позиции од институции, стопански комори, компании и граѓански организации кои работат во областа на анти-корупција, раководни лица од јавни претпријатија и меѓународни експерти отворено дискутираа за потребата од позначајно вклучување на бизнис секторот во борбата против корупцијата.

Овие активности се дел од проектот „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и приватниот бизнис-сектор“ финансиран од Европската Унија а спроведуван од Центарот за граѓански комуникации во партнерство со Конект и Здружението на даночни работници.



## 4.5 Корпоративно волонтирање – ЕВН Волонтира

Корпоративно волонтирање е интернационална општествено одговорна практика за вклучување на вработените во волонтерски активности што не се дел од оперативното работење на претпријатието. Од 2017-та година со експертизата од Конект се спроведува програмата за корпоративно волонтирање ЕВН Волонтира. Сите нивни вработени имаат можност да посветат 8 платени работни часа на волонтирање во своите локални заедници. Конект ја подготви целата методологија за имплементација на програмата и интерна веб платформа за информирање и пријавување на волонтери. Вработените имаат можност да изберат една активност од понудените волонтерски активности или пак да состават тим и да предложат своја активност. Сите активности се реализираат во соработка со непрофитни организации и со програмата сакаме да ги мотивираме вработените да бидат свесни за работата на организациите и промените што ги креираат во заедниците. Програмата ги мотивира вработените и сами да истражуваат во своите заедници и да ги детектираат потребите коишто со заеднички волонтерски ангажман може да се задоволат.






Во 2019-та година беа спроведени 10 волонтерски акции од 121 волонтери во 9 различни општини низ Северна Македонија. Сите досегашни волонтери искажаа задоволство од програмата и повторно би сакале да волонтираат. Програмата за корпоративно на ЕВН Македнија е успешен пример што ги мотивира и другите компании да се вклучат во ваков вид активности засебно или заеднички.

## 4.6 Конектирај се!©

Во нашето работење, особено внимание посветуваме на градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции, заедниците и индивидуалците. Веруваме дека ова е единствен начин за градење вистински позитивни промени и во нашето работење го поттикнуваме овој дијалог и соработка. Сервисот за поврзување на граѓански организации со компании, има за цел пренесување на вештините и знаењата од компаниите на граѓанските организации и социјалните претпријатија.

Во 2019-та во Скопје и Гевгелија (во соработка со Фондација Аполонија) организиравме 2 специјални настани за брзо поврзување меѓу компании и граѓански организации и го негувавме процесот за нивно партнерство за заедничкото делување.

На **интерактивниот настан „Конектирај се!“** 10 компании и 10 претставници од социјални претпријатија се запознаа меѓусебно со цел да препознаат потенцијални идни партнери, да разменат искуства и да идентификуваат можности за идна соработка на проекти, соработка поврзана со бизнис активностите на компаниите, професионална помош во областа на правото, финансиите, IT поддршка, маркетинг, понатаму советување во делот на стратешко планирање, развој на проекти и управување со човечки ресурси, како и менторирање, обука и едукација.

Повеќе информации за поддржаните граѓански организации во следното поглавје.



# V. Поддршка за граѓанските организации

## 5.1 Промени за финансиска стабилност на ГО

Изминатите 27 месеци ги посветивме работејќи за подобрување на состојбите со еден од клучните предизвици за граѓанските организации (ГО) – финансиската одржливост. Проектот „Промени за одржливост“ финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Конект, Фондација Аполонија и Центарот за даночна политика ви се заблагодарува за активното учество и придонесот што се од големо значење.

107 ГО се обединија во Мрежата за финансиска одржливост на ГО и заеднички продолжуваме да застапуваме за законски измени што ќе овозможат поволна средина за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор. Низ низа настани во земјата  отворивме дијалог за промени на политики и закони. Низ 8 поголеми настани за дијалог бележиме бројка од 409 присуства. Особено се значајни измените на даночниот третман на кои директно влијаевме и ставовите и придонесите што ги дадовме во доменот на: законот за донации и спонзорства, сметководствениот систем, социјалното претприемништво, улогата на ГО како работодавач. Придружете ни се и <<зачленете се во мрежата>>.





**Вклучување на граѓанските организации во заштитата од финансирање на тероризмот и перењето пари**

Недостатокот од разбирање на работата на ГО во меѓународни рамки често води до перцепција дека ГО се особено ранливи на злоупотреба на перење пари и финансирање на тероризам. Ова понекогаш доведува тие да се соочуваат со предизвици во финансиското работење поради дополнителни проверки. Го отворивме ова прашање во рамки на граѓанскиот сектор.

Годинава иницијативите ги збогативме со вклучување на ГО во анализа на состојбите, едукација на ГО за нивно идно вклучување во процесите за проценка на ризикот од финансирање на тероризам во непрофитниот сектор заедно со институциите. Со  вклученост на институциите беше организирана тркалезна маса за ГО каде отворено се дискутираше за состојбите и предизниците. Иницијативата во различни сегменти беше подржана од ГИЗ и

Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ), Германско друштво за интернационална соработка - ГИЗ и Human Security Collective.

**Директна поддршка на ГО**




Помогнавме на 59 ГО од 16 општини граѓанските организации да осознаат како подобро да управуваат со финансиите. Посебно се фокусиравме на малите и „грас-рут“ организации што се особено ранливи, бидејќи немаат капацитети да користат странски донаторски средства и затоа прибирањето средства од локални извори е од особено значење за нив. За нив 33 ГО од 12 општини обезбедивме поддршка скроена по нивните потреби и теми од интерес: управување со проекти, меѓу-секторски партнерства, прибирање средства, комуникации и промоција, брендирање и сл. Збирка прирачници на полезни теми преземете <<тука>>.

Преку проектот „Промени за одржливост“ им помогнавме на граѓанските организации да спроведат локални иницијативи во коишто ГО, локалните институции и бизнисите работат заедно за да создадат позитивни промени во нивните заедници. Обезбедивме и директна поддршка со грантови за 16 граѓански организации. <<Тука>> прочитајте ги нивните приказни на кои се гордееме. Низ своите активности тие соработуваа со бизнис секторот, локалните заедници и граѓаните и од нив обезбедија поддршка во вредност од **над 127.675 EUR** од 62 бизниси, 2 општини, 22 образовни институции и безброј граѓани. Преку грантовите тие имплементираа неверојатни 235 работилници и настани за градење на капацитети и директно поддржаа 3.979 граѓани со различни потреби.





## 5.2. Социјално претприемништво

Фокусирано работиме на развивање на еко-систем за развој на социјалното претприемништво како на локално така и на регионално ниво. Соработуваме со сите чиниители - институциите, компаниите, донаторите, граѓанскиот сектор и медиумите. Тесно врзан за нашата мисија е и концептот на користење на претприемачки вештини за градење на позитивни промени во заедницата.

Овие активности ги поддржа и Министерството за економија на РСМ. Работевме на зголемување на поддршката од класичните компании на социјалното претприемништво. Градевме партнерства, отворивме дијалог за системски решенија за поддршка, ги промовиравме начините на кои бизнисите може да ги поддржат социјалните претпријатија. 88 претставници на постоечки потенцијални социјални претпријатија, институции, стопански комори, бизнис секторот, граѓански организации и други организации и индивидуалци со интерес за социјалната економија имаа директна полза од активностите.



Го организиравме „Форумот за социјално претприемништво“ каде социјалните претпријатија добија простор отворено да разговараат за предизвиците, потребите и можната соработка, заедно со институциите и бизнис заедницата во нашата земја. Форумот отвори дијалог за системските решенија за поддршка на социјалното претприемништво во нашата држава, но, и за подигање на свеста кај институциите и компаниите за начините на коишто тие можат да ги поддржат социјалните претпријатија.

Нови иницијативи за социјално претприемништво беа презентирани пред бизнис заедницата во интерактивниот дел од овој настан – Конектирај се! , каде има потенцијална можност дел од предложените идеи да се поттикнат и да резултираат во успешни примери на социјално претприемништво во нашата земја. Наменет специјално за поврзување на граѓанскиот сектор со бизнис заедницата, Конектирај се! овозможи да се зголеми поддршката за социјално претприемништво од страна на компаниите преку градење партнерства (вмрежување) со невладините организации.




Поддршка за развој на локални социјални претпријатија

Работевме со медиумите за да ги промовираме социјалните претпријатија и да ги привлечеме класичните бизниси да ги поддржат. Погледнете го нашето видео за да дознаете за партнерството помеѓу Покров и Тинекс кое го овозможи и негуваше Конект.

*„Со продажбата на производите од сертифицираното органско производство, обезбедуваме приход за делот на реинтеграција, а тоа значи дека нашите клиенти после успешното завршување на програмата, можат овде да бидат вработени. На тој начин создаваме мала уметност помеѓу профитабилноста и социјалната мисија на нашата организација.“* – Сократ Манчев, Покров

*„Со Терапевтската Заедница Покров не спои Конект. Конект се одлучи да му помогне на Покров да го заокружи процесот на органско производство со тоа што им помогна да се обезбеди пласман, логистика, менторство, маркетинг и нивните органски производи да се најдат во нашите маркети.“* – Соња Бојаровска, менаџер за корпоративна општествена одговорност, Тинекс

Клучни постигнувања:

- Зајакнат капацитет на 9 потенцијални социјални претприемачи за да бараат поддршка од бизнисите
- Вмрежување на 9 претставници на СП и 9 компании преку сервисот Конектирај се!
- Поттикнат дијалог за системски форми на поддршка и придонес кон развојот на политиките
- 67 претставници на целните групи учествуваа во дијалог за поддршка на СП и беа информирани за најновите текови и политики за СП
- Активностите на проектот беа споделени во локалните, националните медиуми и социјалните медиуми и проследени до околу 3.000 контакти



# VI. Глобален договор

Глобалниот договор на Обединетите нации е најголемата светска иницијатива за општествена одговорност на претпријатија. Околу десетте принципи на оваа иницијатива поврзани се над 12.000 доброволни учесници од 170 земји во светот. Конект е организација домаќин на Мрежата на Глобалниот договор на ОН во Северна Македонија.

## Известување за вклученост

Согласно политиките за известување на Глобалниот договор на Обединетите нации членките кои не припаѓаат на бизнис секторот имаат обврска да поднесат Известување за вклученост. Во рамки на својот извештај за 2019 година, Конект известува за својата вклученост во иницијативата и за поддршката на принципите на Глобалниот договор. Во табелата подолу се назначени поглавјата поврзани со групата 10 принципи на Глобалниот договор.

*„Мисијата на Конект е тесно сврзана со имплементацијата на десетте принципи на Глобалниот договор на Обединетите нации во областа на: човековите права, трудот, животна средина и борба против корупцијата. Во Конект со секој работен ден ја изразуваме континуираната поддршка, заложба, но и реална практика за зацврстување и примена на овие принципи. Ни претставува чест што сме организација домаќин на Мрежата и активно придонесуваме за нејзиниот развој. Со своите активности и залагања Македонската мрежа придонесе за подигнување на свеста во бизнис заедницата и кај институциите дека сите подеднакво сме одговорни за примена на принципите на Глобалниот договор. Развојот на компаниите и развојот на заедницата се обврска на секој чинител и тој принцип ние се обидуваме да го прошириме, бидејќи само со заедничка и синхронизирана акција можеме да очекуваме долгорочен развој на сите сегменти од нашето живеење.“*

Никица Кусиникова
Членка на управниот одбор на Мрежата на Глобалниот договор во Северна Македонија
Извршна директорка на Конект

**<u>Вклученост во Глобалниот договор на обединетите нации и негова промоција</u>**

Македонската мрежа на ГД е првата мрежа во земјата целосно посветена на подобрување на општествената одговорност. Формирана во 2004 година, Мрежата е активна повеќе од една деценија. Сочинета е од компании, граѓански организации и други членови од кои 16 со активно членство на меѓународно ниво. Секретаријат е Здружението Конект што како организација чијшто фокус е општествената одговорност на претпријатијата, активно работи на градењето на Мрежата и на промовирање на нејзините принципи. Како секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор претставуваме контакт центар за членките, поттикнувач на активности и промотор на нејзините принципи.

**<u>Вклучување на бизнис заедницата во активности поврзани со ООП и Глобалниот договор</u>**

Конект континуирано ги вклучува членките на Глобалниот договор на ОН и пошироката бизнис заедница во своите активности и го промовира членувањето на мрежата како адекватен начин на напредување во практиките за ООП. Нашите активности директно поврзани со корпоративна филантропија, ООП и градењето партнерства поддржани од бизнис заедницата како релевантна засегната страна. Дополнително, во своите активности за едукација на бизнис секторот секогаш се вклучени и аспектите поврзани со Глобалниот договор на ОН. Годинава особено беше актулна соработката со мрежата во доменот на промоцијата на бизнисот и човековите права, бизнис интегритетот, целите за одржлив развој итн.

Дополнително Конект обезбеди оперативна база за функционирање на мрежата како и адекватна експертиза.

Табелата подолу вклучува приказ на места од овој извештај каде можат да се најдат активности и мерливи резултати за постигнувањата поврзни со 10те принципи на Глобалниот договор.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Човекови права | Принцип 1: | Компаниите треба да ја поддржуваат и почитуваат заштитата на меѓународно признатите човекови права; и | 3.1 / 4.1 / 4.2/ 4.3 / 5.1 |
| | Принцип 2: | да се осигурат дека не учествуваат во прекршувања на човековите права. | |
| Работни односи | Принцип 3: | Компаниите треба да ја поддржуваат слободата на здружување и ефективното признавање на правото на колективно преговарање;; | 4.1 / 4.2 / 4.3 |
| | Принцип 4: | Елиминација на сите форми на принудна или задолжителна работа; | |
| | Принцип 5: | Ефективно искоренување на детскиот труд; и | |
| | Принцип 6: | Елиминација на дискриминација во однос на вработување и професија. | |
| Животна средина | Принцип 7: | Компаниите треба да имаат внимателен пристап при справувањето со предизвиците поврзани со животната средина; | 3.3/ 4.3/ 4.5/ 5.1 |
| | Принцип 8: | Да преземаат иницијативи за промоција на поголема одговорност за животната средина; и | |
| | Принцип 9: | Да го охрабруваат развојот и ширењето на еколошки технологии. | |
| Спречување на корупција | Принцип 10: | Компаниите треба да работат против корупцијата во сите нејзини форми, вклучувајќи изнуда и мито. | 4.4 |

ул. „Владимир Полежиновски” 19-1/6,
1000 Скопје, Северна Македонија
тел**:** +389 2 3224 198
e-mail: konekt@konekt.org.mk
www.konekt.org.mk

www.donirajpametno.mk
http://konekt.org.mk/sdgs
www.bezkorupcija.mk
www.konekt.org.mk/blog